# Препорака за работни односи (јавна служба), бр. 159 од 1978 година

Препорака за постапките за одредување на условите за вработување во јавната служба
Препорака:П159
Место: Женева
Сесија на конференцијата: 64
Датум на донесување: 27:06:1978 г.

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

свикана во Женева, од страна на Управувачкото тело на Меѓународната канцеларија на трудот, на шеесет и четвртата сесија, одржана на 7 јуни 1978 година и

одлучувајќи за донесување на одредени предлози во однос на слободата на здружување и постапките за одредување на условите за вработување во јавната служба, што претставува петта точка на дневниот ред на сесијата, и

утврдувајќи дека овие предлози треба да добијат форма на Препорака што ја надополнува Конвенцијата за работни односи (јавна служба), 1978 година,

на дваесет и седми јуни илјада деветстотини седумдесет и осма година, ја донесе, следнава Препорака, што може да се цитира како Препорака за работни односи (јавна служба), 1978 година:

1.

(1) во земјите каде постапките за признавање на организациите на јавни службеници се применуваат заради одредување на организациите на коишто ќе им се доделат, на повластена или ексклузивна основа, правата предвидени во Деловите III, IV или V од Конвенцијата за работни односи (јавна служба), 1978 г., таквото одредување треба да се заснова на објективни и претходно утврдени критериуми во поглед на репрезентативниот карактер на организциите.

(2) Постапките наведени во потстав (1) од овој став не треба да охрабруваат проширување на организации што покриваат исти категории на вработени.

2.

(1) Во случај на преговори за роковите и условите на вработување, во согласност со Дел IV од Конвенцијата за работни односи (јавна служба), 1978 г., лицата или телата надлежни за преговарање во името на засегнатата јавна власт и постапката за ефектуирње на договорените рокови и услови за вработување треба да се одредуваат со националните закони или прописи или други соодветни средства.

(2) Во случаите кога се следат други методи, различни од преговорите, за да им се овозможи на претставниците на јавните службеници да учествуваат во одредувањето на роковите и условите на вработување, постапката за такво учество и за конечно одредување на овие прашања треба да се одредува со националните закони или прописи или други соодветни средства.

3. Во случаите кога јавниот орган и организацијата на јавни службеници склучуваат договор во согласност со став 2, потстав (1) од оваа Препорака, треба нормално да се утврди периодот во кој договорот ќе се применува и/или постапката со која може да се прекине, обнови или ревидира.

4. При одредување на природата и обемот на средствата што треба да се одобрат на претставниците на организациите на јавни службеници, во согласност со член 6, став 3, од Конвенцијата за работни односи (јавна служба), 1978 г., треба да се земе предвид Препораките за претставници на вработените, 1971 година.